# Парадоксот на Роџер Кејсмент

**Александар Мишевски**




drugizborovi
Co-funded by the Creative Europe Programme of the European Union
otherwords

**Парадоксот на Роџер Кејсмент**

Јас познавам две трагични истории во светот , Ирската и Македонската. Обете лишени и измачени.

Роџер Кејсмент

Ирски револуционер




**Вовед**

Октомври 2015 та година, Сан Себастијан или Доностија како што го нарекуваат баскиските пријатели. Сместен на атлантикот со одлична местоположба, мириса на море, свежина и неодоливата медитерантска живост. Иакое позна Есен туристите се насекаде а посебен впечаток замене се многубројните сурфери кои ги ловат брановите на блиската градска плажа.

На состанокот од неколку партнерски организации од Европа посветени на малите и малцински јазици и литератури најпријатно ме изненадува сознанието дека некој знае ( покрај мене секако ) дека и македонскиот јазик покрај баскискиот и ирскиот е помеѓу десетте најстари јазици во светот кои се зборуваат денес. Малку подоцна увидов дека баскискиот јазик скоро и да не се употребува во Сан Себастијан ?!? а постојат само неколку медиуми кои го негуваат. Две години потоа сличното сознание го добив и за ирскиот јазик за време на мојот престој во Даблин иако во многу поблага форма.

Сепак го има на телвизија а постојат и специјални емисии за зачувување на истиот. Ние во Македонија немаме проблем од таков карактер. Кога нештото го имаш изгледа незнаеш доволно да го цениш а вредноста на еден јазик за еден народ е Непроценлива и Есенцијална. Впечатоците само ми нагонавестија за разликите а и малкуте сличности кои не спојуваат односно раздвојуваат денес. Очигледно времето сепак си го прави своето.

**Разлики и сличности**

**Даблин, Ирска, Октомври 2017**

Една од најпознатите изјави на секако една од најбитните и најмаркантните фигури во борбата на ирскиот народ за слобода и независност, Роџер Кејсмент стана мојата основна инспирација за ова истражување.Одлуката ја донесов без никаква двојба најмногу поради интересот кај мене за историјата и политиката како и борбите на сите поробени и обесправени народи во светот а поготово во Европа. Покрај истражувањето во рамките на проектот Други зборови, знаев дека покрај историските сличности во револуционерната борба од минатото веројатно истите постојат и денес .. или пак можеби не е така ?!?

Кој бил Роџер Кејсмент и колку е заслужен за ослободувањето на Ирска подетално можев да се информирам преку актерот и сценарист Дирмунд кој престојуваше два месеци во Битола и со задоволство го сподели сето свое знаење во врска со личноста и делото на една од иконите на ирската борба за независност. Роџер бил роден во Даблин во мешан англо ирски брак од татко протестант и мајка католикиња , се стекнал со солидно образование кое му овозможило да работи во министерството за надворечни работи а станал и Британски конзул. Пред тоа во Конго ги истражува злоупотребите на колонијалните власти врз домицилното население во Африка. Веројатно гледајќи ги сите неправди и злодела кон домородното население, била иницијалната написла да престане да и служи на круната и да се придружи на ИРА ( ирската републиканска армија) помагајќи ги востаниците собирајќи финансиски средства и оружје. Тоа предавство против круната го платил со својот живот кога бил заробен од војниците на обединетото кралство и после краткото судење осуден на смрт со бесење.

Висок со убава става , тенок со аристократско држење ,поет и дипломат, храбар и бескомпромисен а поготово со изгледот неодоливо ме подсети на легендарниот а воедно и најуспешен лидер во историјата на ВМРО, Тодор Александров. Обајцата слични и обвиени со велот на контроверзноста за и околу време на својот живот а поготово после крајот на истиот побудувајќи интерес до ден денешен.

Роџер бил хомосексуалец а во тоа време секако тоа не би било пожелна особина , не барем за револуционер во почетокот на 20 от век. Особено било експлоатирана неговата сексуалност во негативна конотација после неговото погубување и објавувањето на неговите Црни дневници кои го опишуваат како промискуитетен хомосексуален предатор. Секако со цел да се фрли црна сенка врз неговото револуционерно делување и заслугите во борбата за создавање на Ирска република.





***Роџер Кејсмент 1864-1916*** ***Тодор Александров 1881-1924***

Како и да е денес Роџер е национален херој во Ирската република и не само таму односно и во делот кој останал под британска управа, Северна Ирска. Интересно е дека во до вчера и буквално поделениот Белфаст има безброј графити и мурали (поготово во западниот дел) посветени на Роџер Кејсмент. Исто постои дури и парк кој го носи неговото име. Кога сме кај муралите односно нивната гигантска димензија особено се забележува приврзаноста на ирците кон Палестина и нивната борба за независнот. Исто одма тука се и прекрасно насликаните пораки за подршка на независноста на Каталонија а мора да го спомниме и курдскиот бунтовнички лидер осуден за тероризам Абдула Оџалан ?!?

Дали ЕУ е толку толерантна и кон јавната поддршка на осудените за тероризам или Белфаст е само еден исклучок ? Оаза за радикалните политики од екстремните левичари до подржувачи на Ционизмот ?! Да,одма на другата страна од зидот кој ги делел двете заратени страни гордо се вее Израелската застава секако покрај унион џек (знамето на Обединетото Кралство). Двојни стандарди или слобода на говор во истата онаа унија која нас нон стоп ни труби за говор на омраза и почитување на човековите права и слободи. Особено на земјите од третиот свет на измачениот Балкан, популарно наречени Југозападна Европа !?

Неуспеав да дознам дали им смета на протестантите односно лојалистите (кои се тенко мнозинство) во С, Ирска. Сепак дознав дека ирците го граделе Титаник кој испловил од Белфаст и денес е една од главните атракции која секако треба да се посети. Музејот е во облик на бродот кој имал тажна судбина да се насукана санта мраз и од невнимание да потони  со дотогаш а и денес невидени жртви и материјална штета. Дали тоа можи несакајќи  даи се случи на ЕУ ? Особено после Брегзит. Ако се суди според двојните стандарди кои се применуваат во и кон одделните членки на унијата ако не распад, трансформацијата е се поизгледна. Но за тоа демократски ќе одлучат на следните избори за ЕУ парламентот гласачите во сите земји членки на истата..

Покрај, секако позитивните коментари во Даблин околу ликот и пред се делото на Роџер Кејсмент несомнено имав можност да запознам луѓе со спротивно мислење. Главните критики пристигнаја пред се од левичари и комунисти кои неможеја да му простат дека верувал во погрешни луѓе кои после ослободувањето ја злоупотребиле својата моќ во новоформираната република давајќи и преголема моќ пред се на католичката црква во целокупното општество запоставувајќи ги социјалните елементи на револуцијата и борбата на работничката класа за достоинствени услови за живот. Замене тоа беше повеќе од шокантно! Истите нормално се обожаватели на Ернесто Че Гевара ( како и секаде во светот ) .. Залудни беа моите објаснувања дека Че е одговорен за стрелањето на стотици заробеници а богами и дел од неговите соборци споредено со Сер Кејсмент .. Сепак неможев да прекутам и мојата правдољубивост не ми дозволи да бидам нем, а да се обвини некој во мое присуство кој што ја жртвувал својата кариера и удобен дипломатски живот за слободата на еден поробен народ. Пробав да објаснам спомнувајки го Јосип Броз Тито односно легендарниот водач и доживотен претседател на Југославија како пример за живот во благосостојба но со ограничени слободни и без демократија како би им објаснал дека ништо во светот не е црно бело но тука сватив дека нијансите за фанатиците се невидливи за жал.

Сето то ме потсети на оспорувањето и контроверзите околу лидерите и борците за независност кои траат се до ден денешен во Македонија околу револуционерната организација која низ историјата сменила повеќе имиња а е најпозната како Внатрешна Македонска Револуционерна Организација - ВМРО. Својата кулминација несомнено ја стекнувапосле големата војна под водство на Тодор Александров за кој и денес има различни мислења во однос на неговото делување , идеологија и секако мистериозниот атентат за кој нарачателот е непознат , иако можат да се претпоставаат  причините бидејќи бил трн во очите на многумина. Почнувајќи од Царскиот двор во Софија , бугарските политички опоненти па се до Коминтерната во Москва и секако оние кои го сакале лидерското место во организацијата.За среќа денес има споменик во Македонија и по некој булевар кој го носат името на легендарниот лидер на ВМРО а во соседна Бугарија од каде впрочем и делувала организацијата одамна ги ужива сите почести кои му следуваат.

Кејсмент пред неговото апсење допатувал од Германија и тоа за време на првата светска војна. Случајно или не ВМРО е исто сојузник на Германија за време на големата војна од кои добиле ветување за обединување на сите поробени делови на Македонија.

Причините за неговото свртување кон соработка со непријателите на Обединетото Кралство на кое тој служел до неодамна , лесно би ги сватил секој барем делумно слободоумен чоек во 21 от век. Сите останати би извикале, тоа е чин на Велепредавство. Нема средина нажалост , ниту апсолутна заедничка вистина за сите ниту денес. Да поготово  не денес во поделената Европа на Нео -Либерали и Суверенисти. Сигурно непостоело толкаво подвојување и разединетост во ставовите на политичарите па се до обичните луѓе од настанокот на ЕУ.

Најголема заслуга до таа 1916 та година на Роџер Кејсмент е снабдувањето на волонтерите на ИРА со оружје за Велигденското востание како и агитирањето пред се низ УСА за собирање на парични средства за целите на истото ослободително движење. Кога би пишувал пример сценарио за филм секако би претпоставил дека господинот Сер Кејсмент некаде низ УСА се сретнал со претставниците на македонската дијаспора тогаш веќе формираната Македонска патриотска организација ,МПО од каде добил информации за сличните трагични судбини на обата народи.Можеби пак се сретнал во Марсеј како што претпостави еден историчар по хоби кој ме замоли да не ја изоставам оваа информација. Да, се работи за оној Марсеј во Франција каде во 1934 та година бил извршен еден од најпознатите атентати во 20 от век од страна на егзекуторот на ВМРО Величко Георгиев – Керин попознат како Владо Черноземски (прекар кој сам си го одбрал) според своето потполно предавање на делото за самостојна, суверена, независна и обединета Македонска држава.

Жртвата била српскиот крал Александар Караџорџевич заедно со министерот за надворешни работи на Франција Луј Барту. Тој за некој и денес е херој а за другите ладнокрвен убиец.Р. Кејсментнаводно дел од добиените средства ги дал на ВМРО за ослободување на Македонија иако затоа докази сеуште не пронајдов.

**Македонски парадокс**

Македонскиот парадокс е дека од земја која на почетокот на војните во поранешна Југославија во 1991 година беше доживувана како оаза на мирот и пример за бесконфликтно стекнување на независност сега е растргната од внатрепартиските судири и интер етничките поделби.

Многумина се сложуваат дека главната пречка со која се соочува Македонија е блокадата од страна на Грција од самото прогласување на нејзината независност која доведе да се успори интеграцијата кон Евроатланските сојузи. Главниот спор е околу името Македонија за кое Грција успеа да ги убеди своите сојузници дека е иредентистичко и претендира на нејзините теротории односно на делот кој потпадна под нејзино владеење после балканските војни и Букурешкиот мировен договор во 1913 та година потпишан од сите завојувани страни освен од самите македонци. Понатаму грците се на ставот дека македонската нација е измислена од страна на Тито во 1944 година се со цел за аспирации на тогашна Југославија кон нејзините територии а пред се Солун и излезот на море.

За македонците името е прашање на националниот идентитет и тоа не би требало никој да го буни. Кога на ова би ги додале околностите со останатите соседи кои се исто така проблематични во најмала рака. Бугарија го негира македонскиот јазик како и посебноста на македонската нација. Србија не ја признава автокефалноста на МПЦ односно дека е формирана спротивно од каноните иако тоа било пред повеќе од пола век во 1967 година.За албанците и нивните иредентистички аспирации и создавање на голема Албанија сведоци бевме сите за време на воениот конфликт во 2001 ва година.

**Соработка со НАТО за време на бомбардирањето на Србија**

За тешката ситуација во која се наоѓа Македонија директна одговорност секако има ЕУ и САД кои и покрај сите механизми непревзедоја ништо да влијаат врз Грција да прекине со блокадата на нејзиниот сосед кон своите Евроатланстски интеграции. Ова посебно добива на акцент за време на должничката криза во Грција кога можеше и мораше да се изврши притисок врз владата во Атина да се откаже од ирационалниот проблем кој сама го измисли. Со директното непомагање Македонија беше буквално казнета иако соработуваше со НАТО за време на бомбардирањето на Србија во 1999 година а истовремено прими повеќе стотици иљади албански бегалци од Косово а за возврат доби само убави зборови тапкање по рамо и лажни надежи за брзо членство во ЕУ .

Врв на лицемерието и пред се двојните ЕУ стандарди ги видовме за време на воениот конфликт во 2001 година кога паравоените албански формаци на УЧК за министерот за надворешни работи на Британија , Лорд Џорџ Робертсон преку ноќ од терористи станаја борци за човекови права. Иако самите ( УЧК – Ослободителната војска на Косово ) имаја само 5 објавени коминикеа дека се борат за македонските територии односно формирање на Голема Албанија. Секако главните идеолози и пријатели на оваа лицемерна политика се наоѓаат во Вашингтон во стејт департментот или во Пентагон но во никој случај несмееме да ги изоставиме ЕУ бирократите од Брисел.

**Денешната ситуација во Македонија**

**Битола 2018**

Преспанскиот договор помеѓу Македонија и Грција беше потпишан од страна на министрите за надворешни работи на Грција и Македонија наместо од страна на претседателите на државите како налага уставот. Преседанот во модерната светска историја под покровителство на ЕУ се случи во местото Нивици на самата граница на брегот на преспанското езеро. Настанот дојде како потврда за разголувањето или освестувањето (само незнам чие !?) и само ги потврди претходните индикации за идентичните ставови кои ги имаат мнозинството од политичарите со мејнстрим интелектуалците и борците за човекови права кај нас и во Европа. Скоро никој да не изреагира во врска со основното човеково право на свој идентитет и самоопределување како и кршењето на истото по пат на сила и уцени.Иако овде се работи за преименувањето на името на државата со додавката Северна како и сите институции кои го носат истото име како и една цела нација ?!? Не би бил груб ако кажам дека се работи за уште еден геноцид врз Македонците.

Претходниот се случи после завршувањето на 2 та светска војна за време на граѓанската војна во Грција 1945- 1949 кога после поразот на партизаните околу пола милион луѓе кои гравитирале кон губитничката страна биле протерани од државата. Мнозинството од нив биле македонци а победничката страна била масовно поддржана од страна на Британските и Американските бомбардери горејќи ги буквално планините во егејскиот дел на Македонија. Впрочем тогаш за првпат се употребиле нехуманите наплм бомби, многу пред Виетнам но и за овај дел од историјата ретко кој знае и се сеќава во денешна демократска Европа.

Кога на договорот со Грција ќе се додаде и тој со Бугарија, според некои и поштетен за македонскиот национален идентитет од претходниот. Со првиот сосед ( Грција ) се откажавме од својот идентитет а со вториот ( Бугарија ) прифативме ревидирање на својата историја и пред се на окупацијата од страна на Бугарија. За време на 2 та светска војна ќе испадни за одредено време да учиме дека непостоела окупација ниту фашисти а можда и цела НОБ да исчезне од новите северни историски читанки.

**Референдумот како највисок акт на демократијата**

Во секоја нормална држава вољата на народот за било каква побитна одлука се донесува на референдум. Тоа ми го спомна во позитивна конотација поетесата од Баскија , Аинара;

- Среќа е дека ќе имате референдум околу договорот за новото име на државата , Ние во Баскија немаме право да се изјасниме по тоа прашање,

-Па да ние сме понапредна Демократија одговорив со доза на иронија а во истиот контекст додадов аргумент плус за толерантноста на полицијата во Македонија кон протестантите во споредба со Шпанската во Каталонија за време на нивниот исто спорен референдум за независност.

Во разговорот неможеше да одолее а да не се замеша фризискиот писател и историчар Јан. Убеден дека референдумот е позитивен и ќе има сигурно многу повеќе кои ќе гласаат за отколу против. Морав да му укажам дека секој кој држи барем малку до својата чест и совест нема воопшто да се пазари со својот идентитет и замара да даде легитимитет на договор кој е вон сите преседани во човечката историја. Исто додадов дека има квака во референдумот и е консултативен така да резултатите нема да бидат признаени ..Видно лут проба да ме разубеди неочекувајќи толку директен став одмене , нормално безуспешно .. за што стигна потврдата малку подоцна дека околу 30 проценти гласале за договорот а нашиот итар и проевропски премиер ме потврди дека само сакал да го слушне мислењето на народот а конечната одлука ќе ја донесе парламентот. Веројатно според него народот се нижи битија кои незнат што е добро за нив и одлуките мора да ги носат избраните властодржци.

Јан подоцна во неврзан разговор ми спомна дека неговото име е Јан Мат , кога сосема случајномислев дека е во ред ако го наречам само Јан. Сепак идентитетот значел и болел без разлика дали е индивидуален или национален , се надевам ја свати поентата како и сите останати кои ќе ги читаат овие редови пред да почнат да судат некого или нешто кое не го знаете доволно.

**Епилог**

Договорот се спроведе преку промена на уставот во парламентот и тоа со најможното брутално кршење на сите закони , цивилизациски норми и демократски придобивки. Со купување на пратеници , дел уценети , неколку дури и киднапирани а претходно притворени во затвор успеаја да соберат фатални 2/3 за промена на уставот или 80 пратеници. Се тоа нормално за наше добро и благосостојба за која копнееме 28 години. За идното членство во НАТО кое ќе донесе долгорочен мир ?!? Да тој е еден од главните аргументи исто како парадоксот водиме војна за мир во Ирак или Авганистан каде македонските војници се дел од коалицијата предводена од УСА. За разлика од суверените држави како Грција или Бугарија кои иако дел од НАТО алијансата одбија да бидат дел од окупаторската мисија , макар била за мир.

Некој би се запрашал за двојните стандарди , но да нема забуна со овие преседани се работи за најмалку тројни или на Н-та стандарди или критериуми не само за терминот демократија туку основните човекови придобивки без разлика како се нарекува системот или општеството во кое живееме.

Како денес Кејсмент и Александров би биле окарактеризирани според денешните европски политички коректни стандарди, како борци за слобода, демократија и правда или терористи ?!? Роџер веројатно би имал голема олеснителна околност како хомосексуалец а за Тодор не би се обложил искрено дека би бил по волјата на бирократите од Брисел. Ретко која негова особина би придонела да им се допадне на “прогресивните” односно оние кои одлучуваат во името на сите.

Иако терминот за дискриминација на мнозинството од страна на малцинството по дефиниција се нарекува Апартхејд. Сигурно ова  е едно од раритетните писанија кое е започнато во една а е завршено во друга држава иако Македонија позната како земја на сонцето, топлото време и жешките лета пред се никогаш нема да биде Северна, барем не за македонците како и за сите оние правдољубиви луѓе од сиот слободарски свет.

Александар Мишевски